Република Македонија
Министерство за финансии

[redacted]

ДО: ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр.08-16460/2
Скопје 27-11-2015 година
Министерство за финансии
Даме Груев бр.12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3255 523
Факс:++ 389 2 3255 721
Е-пошта:
irena.serafimova@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

Предмет: Мислење
Врска: Допис на Агенцијата за млади и спорт, бр.12-2313/1 од 2.11.2015 година

Почитувани,

Во врска со Нацрт текстот на Националната стратегија за млади (2016-2025), на Агенцијата за млади и спорт, Министерството за финансии во рамките на своите надлежности го дава следното мислење:

Националната стратегија за млади треба да ги опфати основните принципи и насоки за подобрување на социо-економската положба на младите и создавање на средина која ќе им овозможи на младите да ги остваруваат своите права, потреби и интереси. Нацрт текстот на истата е поделен на неколку тематски приоритетни области и тоа: образование, локална младинска работа, култура, младинско учество, младинско информирање, вработување и поддршка пред вработување, здравје и спорт.

За спроведување на активностите утврдени во Стратегијата ќе бидат потребни финансиски средства кои не се квантифицирани, поради што укажуваме Стратегијата да се спроведува во рамки на одобрените буџети на надлежните институции, без притоа да се бараат дополнителни средства.

Во оваа насока укажуваме на потребата одредени мерки од Нацрт текстот на Националната стратегија за млади, да се избришат или изменат во насока да не се бараат дополнителни средства од оние кои во моментов се обезбедуваат за оваа намена со Буџетот на Република Македонија.

Поточно, укажуваме на потребата од изменување на цел 3 од тематската област младинско учество, како една од долгорочните цели кои треба да се постигнат со Стратегијата, каде е утврдено да биде зголемена финансиската поддршка од страна на локалните и националните власти во насока на поттикнување на младинско учество, односно да бидат обезбедени значајни средства од државниот буџет наменети за спроведување на националните и локалните политики за млади. Имено се предлага до 2017 година да бидат обезбедени минимум 0,2% од годишниот државен буџет за имплементација на оваа стратегија, како и минимум 0,2% од годишниот државен буџет за воспоставување на нов програмски фонд за директна поддршка на млади и форми на младинско здружување. Со оглед на наведеното укажуваме на потребата да не се прецизираат конкретни износи за финансирање на одредени активности, туку активностите да се спроведуваат во согласност со можностите на буџетите на надлежните институции.

Исто така, како една од целите кои треба да се постигнат се предлага воспоставување на Министерство за млади до 2020 година. Во врска со наведеното укажуваме на фактот дека организацијата, функционирањето и менаџирањето на

[redacted]

институциите како самостојни министерства предизвикува дополнителни финансиски средства потребни за финансирање на посебни служби во рамките на министерствата, како посебна архива, посебно сметководство, посебно одделение за правни работи и слично. Во оваа насока упатуваме да не се формира посебно министерство, туку активностите да се спроведуваат во рамките на Агенцијата за млади и спорт, со цел да се намалат средствата потребни за функционирање на посебна стручна служба за потребите на министерството, поточно стручно-административните работи да ги врши Агенцијата за млади и спорт.

Со почит,

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

Доставено и до:
- Агенција за млади и спорт

Изработил: Ирена Коштревска
Проверил: Тоше Пановски
Тања Трипунова
Одобрил: Вера Проковиќ
Согласен: Елена Трпковска